...ЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 04-3980/11
28.12 20 21 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

Врз основа на чл.52 ст.1 од Законот за административни службеници службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20 и 215/21), Градоначалникот на Општина Крива Паланка на ден 28.12.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ПРВОРАНГИРАН КАНДИДАТ**

1.По интерниот оглас број 03/2021 година објавен на ден 21.12.2021 година за пополнување на работно место со унапредување- 1.**Раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животната средина и комунална инфраструктура** ниво Б2, шифра УПР 01 01 Б02 000 во Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животната средина и комунална инфраструктура во општина Крива Паланка, 1(еден) извршител, се избира :

**Маја Костадиновска со адреса на ул. Херој Карпош бр.22 Крива Паланка.**

2. Административната службеничка ќе биде унапредена по завршување на постапката за избор, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе Решение за унапредување.

3. Оваа одлука влегува на сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 21.12.2021 година истовремено на интернет страницата на Општина Крива Паланка и на Агенцијата за администрација е објавен интерен оглас број 03/2021 за пополнување на работно место со унапредување за работното место 1.Раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животната средина и комунална инфраструктура ниво Б2, шифра УПР 01 01 Б02 000 во Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животната средина и комунална инфраструктура во општина Крива Паланка, 1(еден) извршител.

Со Решение на Градоначалникот на Општина Крива Паланка број 04-3980/9 од 24.12.2021 година е формирана Комисија за селекција за унапредување.

На интерниот оглас за наведеното работно место во законски определениот рок се пријави кандидатот Маја Костадиновска од Крива Паланка со поднесување на пополнета пријава број 04-3980/7 од 24.12.2021 година со прилог докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Крива Паланка до Одделението за човечки ресурси, како и до службената електронска адреса на Општина Крива Паланка.

Од страна на одделението за човечки ресурси на Комисијата се предаде пријавата за унапредување со доставените докази, како и изводот од персоналното досие на пријавениот кандидат. Комисијата направи административна селекција со цел проверка дали кандидатот ги исполнува условите за унапредување и изврши бодирање на кандидатот за исполнување на условите за унапредување за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас број 04-3980/11 од 27.12.2021 година.

Од страна на Градоначалникот на општина Крива Паланка се спроведе интервију и се изготви записник бр.04-3980/12 од 27.12.2021 година.

Комисијата состави допис број 04-3980/13 и до Градоначалникот ја достави финалната ранг листа на интервјуираните кандидати врз основа на бодовите од административната селекција, и бодовите од интервјуто и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за работното место под реден број 1. Раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животната средина и комунална инфраструктура.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка во рок од три дена по добивање на предлогот донесе одлука како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

Одделение за човечки ресурси
Изготвил
Виш соработник Валентина Димитровска
В. Димитровска
Одобрил
Раководител
Игор Додевски

Да се достави до:
- избраниот кандидат
- одделение за човечки ресурси
- Агенција за администрација
- архива на општина Крива Паланка
- да се објави на интернет страна на Општината

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА •